***РЕФЕРАТ***

***ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВИШ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТА НА***

***МАРКЕТИНГ И МЕНАЏМЕНТ НА ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - СКОПЈЕ***

Со Одлука од 31.01.2013 година донесена на 20-та седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија -Скопје, одржана на 31.01.2013 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање за научната област Маркетинг и Менаџмент на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија -Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Фокус" од 23.01.2013 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Жанина Кировска.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија -Скопје да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

*Биографски податоци*

Доцент д-р Жанина Кировска, додипломските и постдипломските студии од областа на економските науки (Економска политика/ Надворешна трговија), ги завршува на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", Скопје. Магистерскиот труд го има одбранетопод наслов „Кредитирање на надворешната трговија", а со титулата Доктор на економски науки, се стекнува на Универзитетот "Св.Климент Охридски", Битола, со својот научен труд „Кредитните аранжмани како услов за раст и развој на Република Македонија".

Низ долгогодишното професионално искуство во органите на државната управа, работи на задачи насочени кон спроведување на владини реформи и градење на институционалните капацитети. Учествува како дел од тимовите и за извршување на најсложените задачи-изготвување на стратешки документи, акциони планови, анализи и студии. Координира во низа проекти за привлекување на странски финансиски средства од страна на меѓународните финансиски и кредитни институции и создавањето на јавни партнерства со странските донатори. Во текот на својата професионална работа

надградбата ја надополнува со учество на бројни обуки, студиски престои во странство, професионални работилници, за што има бројни цертификати.

Од февруари 2011 година, покрај едукативните процеси и наставните активности, е именувана за Декан на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, со што целосно се насочува, кон студентите и предметите од областа на маркетингот.

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

Од изборот во 2009 г. во звање доцент д-р Жанина Кировска на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, била ангажирана во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

-Ангажираност на прв циклус на студии: Финансиски менаџмент, Финансиски систем и фискална економија, Трговски менаџмент, Монетарана економија, Маркетинг истражување, Маркетинг планирање, Маркетинг логистика, Канали на маркетинг, Меѓународен маркетинг.

- Ангажираност на втор циклус на студии: Стратегиски маркетинг, Менаџмент на извоз, Контролинг, Меѓународни финансии, Меѓународен стратегиски менаџмент.

Едукативните активности од областа на маркетингот ги реализира преку низа наставни предмети како: Маркетинг планирање, Маркетинг логистика, Бренд менаџмент, Стратегиски маркетинг, Канали на маркетинг, Маркетинг истражување, Меѓународен маркетинг.

Наставни учебници

1. Група автори, „Стратегиски менаџмент“, Скопје, 2010 год.
2. Жанина Кировска, Шеќеринка Ивановска, „Финансиски систем и фискална економија“, Скопје 2010
3. Жанина Кировска, „Трговски менаџмент“, Скопје 201

Во „Стратегиски менаџмент“, CIP каталогизација во публикација, ISBN 978-608-4593-04-1, Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, 2010, рецензенти: проф.д-р

Александра Стоилковска, проф.д-р Константин Петковски, се разработува процес кој е во тек, а се состои од конкурентен натпревар и работни пристапи, за да се создадат услови за успешно извршување на задачите. Овој менаџмент пристап овозможува насоки за тоа како да се водат деловните активности, како да се зајакне конкурентската предност, за да се задоволат потребите на потрошувачите и да се остварат целите.

Во „Финансиски систем и фискална економија", CIP каталогизација во публикација, ISBN 978-608-4593-16-4, Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, 2010, рецезенти: Проф.д-р Сашо Кожухаров, проф.д-р Тихомир Јовановски, ракописот, покрај предговорот, воведот, содржи осум глави. Според мислењето на проф.Јовановски, овој труд е: „практичен и не навлегува во долги историски елаборирања и широки објаснувања, туку доста лапидарно и со леснотија го води читателот од група на група на прашања, во рамки на поединечните групи... Моето мислење е дека трудот ги содржи сите елементи да биде користен како учебник".

Во „Трговски менаџмент", CIP каталогизација во публикација, ISBN 978-608-4593-18-8, Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, 2011, рецезенти: Проф.д-р Сашо Кожухаров, проф.д-р Тодор Кралев, овој учебник има за цел да помогне на студентите да добијат знаење и умешност, како ефикасно да управуваат со трговското претпријатие.

Магистерски труд

Жанина Кировска ги завршува постдипломските студии на 15.05 1997 со број на диплома311, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје на Економскиот факултет Скопје, со просечен успех 9,69 и стекнува право на научен степен *магистер на економски науки.* Насловот на магистерскиот труд гласи: *„Кредотирање на надворешната трговија".* Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р. Тихомир Јовановски.

Во магистерскиот труд го истражува надворешно-трговското работење, популарно со современ речник наречено менаџментот на извоз на националната економија Република Македонија. При тоа како проблем се идентификува недоволното поседување и сопствена акумулација, потребни за успешно вклучување во меѓународните текови.Научниот придонес на магистерскиот труд е видлив пред сè, во идентификувањето и анализата на

различните приоди, потребни за правилно, ефикасно и ефективно менаџирање со надворешната трговија и кредитирањето. Добиените сознанија, имаат голема практична вредност и претставуваат солидна основа за дополнителни истражувања.

Докторска дисертација

На 06.05.2004 год., Жанина Кировска успешно ја одбранува докторската дисертација *„Меѓународните кредитни аранжмани како фактор за поттикнување на економскиот раст и развој на Република Македонија"*, а како мултидисциплинарна тема опфаќа проблематика, која наидува на широка практична примена за економските субјекти, а воедно напишаниот труд од аспект на науката има наушно-истражувачки анализи, коишто треба да ја збогатат економската и научната мисла. Дисертацијата е изработена под менторство на проф. д-р Димко Кокароски, има за цел да се истакне актуелноста на надворешното кредитирање и финансирање на националните економии, бидејќи голем број на земји од светот се соочуваат со недостиг на сопствена акумулација за обезбедување на неопходна ликвидност во меѓународните плаќања и за поддршка на економскиот раст. Иако, материјата, која е предмет на истражување е обемна и разновидна, сепак прашањата и проблемите од областа на меѓународното кредитирање се обработени на концизен начин, со посебен осврт на РМ и проблемите на македонскиот економски систем. материјалната компонента на економскиот раст и развој на една национална економија и остварувањето на нејзината тековна економска политика и надворешно-трговските трансакции, најтесно се поврзани со финансирањето и користењето на странски средства, бидејќи странската акумулација, чија цел е поттикнување на домицилниот динамичен економски раст и развој, е објективна нужност.

Трудови објавени во списанија со ИФ

**PUBLICATIONS**

| Date from - Date to | Objectives |
|---|---|
| *2012* | **Zanina Kirovska & Natasa Misovska: *"Financial management and reporting through European Union funds for Republic of Macedonia"*,** 14th International Symposium of accountants of Republic of Macedonia - Convergence of the |

| | |
|---|---|
| | basics of financial reporting in times of economic crisis and positioning of the accounting profession in the framework of this process, *November 2012* |
| *2012* | **Zanina Kirovska**: ***Abstract, "The Positioning of the Viva Brand, Leader on the Macedonian Market, Among the Manufacturers of Natural Fruit Juices"***, Publication of *10th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE - ON THE WAY TO THE AGE OF KNOWLEDGE, September 2012* |
| *2012* | **Zanina Kirovska**: ***"The EU Support for Rural Development in the Republic of Macedonia"***, Publication of International Conference, Rural Space and Local Development, Conference Reader, July 2012 |
| *2011* | **Zanina Kirovska**: **STRATEGIC MANAGEMENT WITHIN THE TURISM AND THE WORLD GLOBALIZATION**, Organizations, *Journal of Economics*, 2011, 2 (1) |
| ***2009*** | "The Tourism in the World Tendencies of Globalization", Publisher University of Tourism Management – Skopje |
| ***2009*** | "Financing and Investing in Tourism" Publisher University of Tourism Management – Skopje |
| ***2005*** | "Draft Budget Strategy and court", an article on legal professional newsletter in the Republic of Serbia |
| ***2004*** | "The financial market as a source of funds for financing and crediting the economic development of the Republic, an article in a specialized spsianie" Economics and Business |
| ***2004*** | "International credit arrangements as a condition for growth and development of the Republic of Macedonia", paper, Faculty of Economics Library Prilep, Univerzity "St.Kliment Ohridski Bitola" |
| ***2002*** | "Financial assets from financial market" (money market, capital market, stock and foreign exchange market), an article in a specialized magazine "Banker |
| ***2002*** | "Specific types of loans for lending to International Trade transactions," an article in a specialized magazine "Banker" |
| ***2000*** | "Credit for International Trade of the Republic of Macedonia", Skopje Faculty of Economics Library |

Други трудови

Стручен превод и редакција на „Маркетинг“ оригинален наслов “Marketing”, од авторите Charles W.Lamb, M.J Neeley School of Business Texas Christian University; Joseph F. Hair, JR. Department of Marketing, Kennesaw State University; Carl McDaniel Department of Marketing University of Texas at Arlington; 2009 South Western Cengage Learning, за потребите на Министерството за образование и наука, Договор бр. 821-217-1, 2-м, 02/12 од 29.06.2012 година.

Од февруари 2011 до септември 2012 година, покрај едукативните процеси и наставните активности, е декан на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Што се однесува до комуникациските и другите вештини и квалификации, д-р Жанина Кировска поседува солидна компјутерска едуцираност, оспособена е да предава предмети на англиски јазик, стручна е за вербална и пишана презентација и комуникација, со континуирана способност за тимска работа.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

- 2008 – 2009, Менаџер за меѓународна трговија, Холдинг „ВАРИМПЕКС„ ДООЕЛ Скопје,
- 2004 – 2008, Државен советник и раководител на судски буџет, Врховен суд на Република Македонија,
- 2002 - 2004, МЕНАЏЕР И КООРДИНАТОР СО БУЏЕТСКИТЕ ПРОЦЕСИ НА ОРГАНОТ И КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, Министерство за правда,
- 1999 - 2002, ПОМОШНИК МИНИСТЕР И КООРДИНАТОР СО МЕНАЏМЕНТ АКТИВНОСТИТЕ И БУЏЕТИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
- 1993 - 1999, НАЧАЛНИК ЗА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ, ОД ДОМЕНОТ НА Менаџмент активности, контролен менаџмент, организациски менаџмент за зајакнување на капацитетите, Министерство за образование и наука.

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Жанина Кировска, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени: 40(НО) + 10(НИ)+ 35(САОР)= 75 поени

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи го во вид сето погоре изнесено, комисијата заклучи дека кандидатката д-р Жанина Кировска има потенцијал за научноистражувачка дејност, има долгогодишно работно искуство во областа на маркетингот и менаџментот, како и афинитети за наставно-образовни активности, во прв и втор циклус на студии. Исто така плодната издавачка дејност на кандидатката, придонесе да оцениме дека д-р Жанина Кировска има потенцијал да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија - Скопје, во областа на маркетингот и менаџментот, во рамки на првиот и вториот циклус на студии.

Затоа, на Наставничкиот совет на ФБЕ му предлагаме да ја избере д-р Жанина Кировска во звањето виш предавач за областа маркетинг и менаџмент.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. проф. д-р Антонија Јосифовска, редовен професор________________
2. Проф.д-р Благоја Наневски, редовен професор________________
3. Проф.д-р Весна Стојанова, редовен професор________________